**УГД„Гоце Делчев“ – Штип**

Доц. д-р Крсте Шајноски Асс. М-р Влатко Пачешкоски

krste.sajnoski@ugd.edu.mk vlatko.paceskoski@ugd.edu.mk

# Отсуството на глобална валута придонесе за појава на кризата и го сопира процесот на глобализација

**Апстракт**

Процесот на глобализација кој се одвиваше мошне интензивно од 90-тите години на минатиот век доживеа забавување, па и застој, во периодот на глобалната криза и , особено, во напорите за одделните национални економии да ги надминат рецесивните и стагнантните текови. Наспроти слободното движење на стоките и услугите, на капиталот и на работната сила, форсирани и од меѓународните институции (ММФ, Светска банка и СТО), по избувнувањето на глобалната криза, дојде до појави на ограничувања на веќе либерализираната трговија меѓу одделни економии, до бегство на капитал од одделни економии во домицилните, до заострување на ограничувањата за движење на работната сила. Од повеќе страни се предупредува на опасноста од јакнее на протекционизмот во меѓународните економски односи, па дури и за можни валутни војни. Веќе неколку години повеќе се говори за опасности од „деглобализација” отколку за продолжување на процесот на глобализацијата. Опседнати со решавање на сопствените економски проблеми елитите во националните економии се плашат од засилувањето на појавите на деглобализација, но превидуваат дека продолжувањето на процесот на глобализацијата не е можно без темелно реформиање на глобалните институции и политики, пред се‘, без воспоставување на глобална валута, наспроти функционирањето на неколкуте национални во функција на светски пари.

## Отсуството на глобална валута придонесе за појава на кризата и го сопира процесот на глобализација

Нема нешто што е толку неопходно потребно за унапредување на меѓународните економски односи во насока на продолжување на процесите на глобализација, а во истовреме да е толку запоставувано и заобиколувано како што е прашањето на глобалната валута. Земјите чии валути вршат функција на светски пари (долар. фунта, евро, јен), а од тоа остваруваат и определени привилегии (кредитирање без камата)

немаат интерес да се зафатат со реформирање на меѓународниот монетарен систем, секојпат наоѓајќи изговор во потребата за итно решавање на тековните проблеми- излез од рецесијата, намалување на невработеноста, забрзување на растот, намалување на нееднаквоста, избегнување на валутни војни  и зголемување на протекционистички мерки и тн. Притоа, секако свесно, се превидува дека трајно решавање на повеќето од овие проблеми не е можно без креирање на глобална валута и соодветни меѓународни институции.

Одржувањето на статус кво односите веројатно е можно уште извесен период, меѓутоа, таквото време ќе биде исполнето со неизвесности и конфронтации, слични на денешните но поостри, што никако не погодува на унапредувањето на објективниот процес на глобализација. Напротив, тие ќе го кочат и запираат, бидејќи без светско мерило на цените нема услови за рационална меѓународна поделба на трудот, а  таа е мотивот за продолжување на процесот на глобализацијата. А светско мерило нема без светска валута, која ќе го одразува светското производство на вредности.

Факт е дека фунтата и доларот во 19 и 20 век (респективно) успешно ја обавуваа и функцијата на светски пари, меѓутоа, само како претставници на златото, како стоковни пари. Националните економии на двете земји остваруваа определени привилегии, меѓутоа, имаа и одговорност (да не емитираат повеќе банкноти отколку што објективно можат, на барање на клиентите, да ги конвертираат во злато, во стоковни пари). Имателите на банкнотите секојпат можеа да сметаат дека наведената количина злато на банкнотата им е сигурна, со оглед на стабилноста на курсевите. Инвеститорите во сите национални економии (чии валути беа утврдувани во определена количина злато, а интервалутните курсеви ги одразуваа златните содржини на валутите) можеа долгорочно да ги планираат своите бизнис активности, барајќи од каде можат најефтино да купат, а најскапо да продадат. И не е случајно што во такви услови се  бележи умерен, но континуиран раст на светското стопанство, заснован врз растот на продуктивноста на трудот. Тоа е затоа што, само во такви услови, секоја национална економија   својата позиција во меѓународната поделба на трудот може да ја подобрува преку зголемување на својата конкурентност и искористување на компаративните предности.

Наспроти тоа, во современите книжни парични системи, без глобална валута, земјите чии валути вршат улога на светски пари, можат да спроведуваат монетарна политика која има за цел остварување, пред се‘, на националните интереси, не водејќи сметка за

нејзините рефлекси врз другите земји, особено помалку развиените, кои се во позиција да трпат неповолни последици. Емитентите на долари, на пример, не се со ништо ограничени да печатат доларски банкноти колку им се потребни за спроведување на макроекономските цели, освен со обзирите да не ја изгубат целосно довербата на другите земји во нивната валута. Со оглед на тоа што водењето сметка за обзирите е помал влог од решавањето на националните економски проблеми, привилегираната позиција на доларот во меѓународните економски односи се користи се‘ подарежливо, преку манипулирање со парите во националните економии (релаксирана монетарна политика) и со интервалутните курсеви (слободно флуктуирачки курсеви) на штета на другите земји.

Ваквата практика, меѓутоа, ги заострува не само односите меѓу трудот и капиталот во одделни земји поради порастот на нееднаквоста, туку и меѓу одделни земји, предизвикувајќи, судири околу висината на девизните курсеви и порастот на заштитните мерки на националните стопанства, наспроти декларираните принципи за либерализација. А сето ова ја зголемува недоверба во националните валути во функција на резервна валута. Во такви услови попусти се укажувањата за потребата од координирање на националните политики за да се избегнат глобалните нерамнотежи. Тие не можат да се надминуваат само со приспособување на политиките во суфицитните земји за потребите на дефицитните. Одговорноста за нерамнотежите не е само на суфицитните туку и на дефицитните земји. Затоа цената за нивно елиминирање мора да ја платат и едните и другите, а не само суфицитните. Проблемот е комплексен и така треба да се решава. Но, како? Секако не билатерално, уште помалку со примена на „тврда” или „мека” сила спрема определени земји. Во тоа не помага ниту убедувањето дека инфлацијата е под контрола, кога движењата упатуваат на пораст на цените и на обезвреднување на резервните валути. Очигледно е дека практиката на билатерално решавање на мултилатералните проблеми западна во криза и ја наметна потребата за глобалните проблеми да се бараат глобални решенија.

На неуспехот на две деценији форсираниот процес на „глобализација без глобална валута” укажува избувнувањето на најголемата економска криза по Втората светска војна, а долгиот период во нејзиното надминување во развиените економии само потсетува дека за тоа не се доволни ниту привилегиите од тоа што нивните национални валути вршат функции на светски пари. Општиот интерес за глобализација е во

противречност со нacионлните интереси за зачувување на привилегиите, бидејќи станува контрапродуктивно кога глобалните цели треба да се остваруваат со национални мерила на цените. Глобалните проблеми не можат рационално да се решаваат без глобална валута, како што со националните валути кои вршат функции на светски пари не можат да се остварат глобалните цели. Со нестабилни резервни валути и со флуктуирачки курсеви во интервалутните односи се оневозможува остварувањето на рационална меѓународна поделба на трудот и, врз таа основа, воспоставувањето на глобална рамнотежа. Затоа, продолжувањето на процесите на глобализација зависи од воспоставувањето на глобална валута.

Нема сомнение дека е нереално да се бара враќање на системите на златно важење. Меѓутоа, исто така е неодржливо натамошното функционирање на националните споменати книжни валути како мерка на вредноста и мерило на цените и како меѓународни резервни валути, бидејќи се подложни на постојано губење на нивната внатрешна и надворешна вредност, со отворени можности за нивно обезвреднување кое ги загрозува интересите на другите земји и ги нарушува реалните калкулации при инвестирањето. Некој ќе рече дека тоа досега не се случило во загрозувачки размери. Тоа е точно. Меѓутоа, има сигнали кои укажуваат дека стравот од инфлација не е наивен. Беше дури помал во времето на системот на златно-доларски стандард кога курсевите осцилираа еден процентен поен под и над фиксниот девизен курс и кога доларот беше конвертибилен во злато. Тогаш францускиот претседател Де Гол побарал доларските побарувања на Франција Американците да ги конвертираат во злато. Не се работи за тоа дека на Франција и‘ требаше златото, туку да им покажат на Американците дека доларските побарувања не само што не се конвертибилни во злато (а врз таа поставка тие остваруваа огромни привилегии), туку и дека инфлацијата во САД ги обезвреднува доларите што другите земји ги чуваат како монетарна резерва. Денеска опасноста е уште поголема.

Со укинувањето на конвертибилноста во злато и со преминувањето на флуктуирачки курсеви (1971 година) се пристапи кон таргетирање на инфлацијата за да се влее сигурност во стабилната вредност на валутите. Системот функционираше и врз негови основи се остваруваше и процесот на глобализација. Меѓутоа, заврши со најголема криза по Големата депресија од триесеттите години на минатиот век. Настојувањата да се одржи постојниот систем само ги зголемуваат опасностите од нови кризи. Уште

повеќе што се заговара наместо досегашната стапка на инфлација од 2% да се таргетира стапка од 4% , па и повеќе. Емисијата на национални пари во функција на светски доведе до зголемување на инфлацијата, до пораст на нееднаквоста во одделни земји и меѓу нив, до пораст на буџетски дефицити и огромни јавни долгови, до глобални неурамнотежености. На јавна сцена се присутни притисоци кон одделни земји да ги апресираат вредностите на нивните валути (порано јенот, денеска јуанот). Отворено се стравува од започнување на валутни војни преку изведување на конкурентски девалвации. А тоа е почеток на трговски војни.

Трајно избегнување на овие опасности е можно само со воспоставување на глобална валута во рамките на посеопфатна реформа на меѓународниот економски поредок. Само на тој начин може да се избегне генерирањето на глобални нерамнотежи и да се надминат пречките во развојот на светската трговија; меѓународните резерви да не зависат од националните валути; волуменот на резервите да расте во однос на развојот на меѓународната размена; да се спречат анархичните текови на краткорочниот капитал кој постојано ги доведува во прашање паритетите меѓу одделни валути. И тн. Со неколку зборови речено, да се обезбеди светот да се ослободи од практиката проблемите на националните економии да се проицираат како светски, односно да се обезбеди секоја од нив да ја сноси одговорноста за (не)успешното решавање на сопствените проблеми.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Report of the Commission of Experts of the President of the United Nations General Assembly on Reforms of the International Monetary and Financial System, United Nations, New York, September 21, 2009.
2. Robert A. Mundell: The international Monetary system in 21st Century: Could Gold Make a Comeback?, Columbia University, 1997 (www.robertmundell.net /SantaColomba Conferences/SCConf.asp)
3. Joseph E. Stiglitz: New World monetary system inevitable (www.ajc.com/opinion).
4. Peter Isard: Globalization and the International Financial System, What's Wrong and What Can Be Done, Cambridge, 2004
5. Benjamin M. Anderson: Gold versus Bancor or Unitas, delivered before the Chamber of Commerce of the State of New York, February 3, 1944.

6. Robert Skidelsky: Keynes, Globalisation and the Bretton Woods Institutions in the Light of Changing Ideas about Markets, World Economics, Vol.6, No.1, 2005